Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 01-83/3
29.01.2020 год.-vitl
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2019 ГОДИНА

*Скопје, јануари 2020*

# СОДРЖИНА

1. Вовед .......... 4
2. Дејност на Центарот .......... 5
3. Организациска поставеност на Центарот .......... 7
4. Постојна кадровска состојба .......... 8
5. Реализирани програмски задачи на центарот за 2019 година.......... 9
   5.1. Државна матура .......... 10
   5.2. Обуки и испит за кандидати за директори на основни, средни училишта, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.......... 12
   5.3. Стручен испит за наставници, стручни соработници и воспитувачи.......... 13
   5.4. Државно тестирање во основното образование .......... 14
   5.5. Меѓународни студии за мерење на постигањата на учениците (ПИСА, ТИМСС, ПИРЛС) .......... 15
   5.6. Нормативно-правни, административни и општи работи.......... 18
   5.7. Финансиско работење .......... 19
   5.8 Заеднички и општи работи.......... 20
6. Учество во работни групи, конференции, семинари и други настани .......... 21
7. Активности на Управниот одбор на Центарот.......... 22
8. Соработка.......... 22

Прилог: Финансиски извештај за 2019 година.......... 23

# 1. ВОВЕД

Државниот испитен центар (во понатамошниот текст Центарот) е формиран согласно Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр.142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18). Центарот започна со работа како јавна установа со својство на правно лице на 20.11.2009 година. Надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за Државниот испитен центар врши Министерството за образование и наука.

Во извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2019 година се содржани информациите за реализираните работи и работни задачи во текот на годината. Во збирниот приказ се дадени спроведените активности од Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2019 година, како и вонпрограмските активности и задачи доделени од страна на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука. Овој документ е подготвен со цел да се согледа реалната слика на постигањата од реализираните задачи од Програмата за работа на Државниот испитен центар и истиот се изготвува врз основа на поединечните извештаи на вработените во одделенијата на секторите.

Извештајот се однесува на периодот јануари-декември 2019 година и се темели на приказот на реализирани активности во:

- **Секторот за испити, ИТ и истражувања**:
  1. Одделение за оценувања и испити;
  2. Одделение за ИТ и компјутерска обработка на податоци и
  3. Одделение за истражување, организација и развој.
- **Секторот за обуки и издавачка дејност:**
  1. Одделение за обуки и
  2. Одделение за издавачка дејност.
- Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи
- Одделението за финансиски прашања.

Во секторите и одделенијата се реализирани задачи за спроведување на екстерните испити на државната матура,од спроведување на меѓународни тестирања,од спроведување на стручен испит за наставници, воспитувачи и стручни соработници, од обуките на кандидати за директори, како и полагањето на испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење и стручно доусовршување на директорите.

## 2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

За остварување на работите од својот делокруг Центарот согласно Законот за Државниот испитен центар, како и Законот за основното образование, Законот за средно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и Законот за обука и испит на директори на основни училишта, средни училишта, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење:

- доставува до Државниот матурски одбор предлог Концепција за матура и завршен испит во средното образование, предлог праговите за преодна и одлична оценка за екстерните испити на матурата, како и други документи кои се во негова надлежност;
- изготвува тестови и други испитни материјали за општообразовните предмети од матурата, кои се реализираат екстерно;
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднувања на постигањата на учениците на екстерните испити во државната матура;
- дава стручна поддршка на наставниците од областа на сумативното оценување на учениците, подготвува стручни материјали и врши обука на наставниците во врска со оценувањето на постигањата на учениците на испитите од матурата и завршниот испит;
- врши организациски и технички задачи за спроведувањето на екстерните испити на матурата;
- обезбедува тајност при подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал;
- го организира, реализира и контролира процесот на оценување на тестовите од екстерните испити на матурата, како и процесот на решавање приговори;
- објавува резултати од екстерните испити на матурата;
- врши стручно-административни и финансиски работи за потребите на Државен матурски одбор;
- подготвува и спроведува меѓународни тестирања согласно меѓународно пропишаните процедури за истите и соработува со меѓународни институции од областа на оценувањето;
- подготвува и реализира државни тестирања во основното и средното образование;
- изготвува и ревидира испитни програми, тестови и други испитни материјали за предмети за државните тестирања;
- доставува до министерот предлог Концепција за државните тестирања, со периоди, циклуси и области на тестирање;
- организира и спроведува стручен испит за наставници, воспитувачи и стручни соработници од училиштата;
- издава уверенија за положен стручен испит;
- организира и спроведува основна обука на кандидатите за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- го спроведува испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- издава уверенија на кандидатите кои го положиле испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- учествува во изготвување на предлог годишна програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници;

- ги објавува развојните и годишните програми за работа на училиштата, извештаите од спроведените самоевалуации, интегрални евалуации, извештаи од постигањата на учениците од училиштето на државни и меѓународни мерења, електронски на посебен веб портал;
- врши избор, распределба, обука и/или координација на соработници;
- изготвува и издава стручни материјали и стручна литература од делокругот на своето работење;
- учествува во изготвување на законски и подзаконски акти од делокругот на своето работење;
- врши и други работи утврдени со закон и со статутот на Државниот испитен центар.

При извршувањето на своите работи Центарот соработува со научни установи, воспитно-образовни институции и други сродни установи и институции во државата и во светот.

Центарот правовремено ја информира јавноста за извршувањето на својата дејност.

# 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

Со Центарот управува Управен одбор кој има претседател и шест членови. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Северна Македонија имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писмо се остварува наставата во основното и средното образование.

Со работата на Центарот раководи директор, кој е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за образование и наука.

Директорот на Државниот испитен центар има заменик, кој исто така е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија.

Центарот има Стручен колегиум кој го сочинуваат директорот на Центарот, заменик директорот на Центарот и раководителите на секторите, а по потреба и раководителите на одделенијата и други вработени што ќе ги определи директорот на Центарот.

Организацијата на Центарот е уредена врз основа на Законот за Државниот испитен центар, Статутот на Центарот и Правилникот за работа и внатрешна организација на Државниот испитен центар.

Организациската структура на Центарот е следната:



## 4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Во Центарот се вработени 28 лица кои се вклучени во организирање и реализирање на планираните програмски задачи.

Образовната структура на вработените во Центарот е следната:

| Стручна подготовка | Број на вработени |
|---|---|
| Доктори на науки | 3 |
| Магистри | 6 |
| Високо образование | 10 |
| Више образование | 0 |
| Средно образование | 9 |
| Основно образование | 0 |
| Вкупно | 28 |

Сите вработени, освен директорот и заменик директорот кои се именуваат од Владата на Република Северна Македонија, се вработени на неопределено работно време.

Директорот по образование е доктор на науки.

| Структура на вработените по звање | Број на вработени |
|---|---|
| Раководители на сектор | 2 |
| Раководители на одделение | 4 |
| Советници | 11 |
| Виши соработници | 0 |
| Соработници | 0 |
| Помлади соработници | 1 |
| Самостојни референти | 4 |
| Виши референти | 3 |
| Референти | 0 |
| Помлади референти | 0 |
| Помошно технички лица за обезбедување на објекти и опрема | 3 |
| Вкупно | 28 |

Во 2019 година Државниот испитен центар реализираше:

- *1 (едно) ново вработување* на позиција *Советник за издавачка дејност и лектура* и
- *4 (четири) унапредувања* на позициите:

- *Раководител на секторот за испити, ИТ и истражувања;*
- *Раководител на одделението за испити и оценувања;*
- *Самостоен референт за издавачка дејност и*
- *Самостоен референт за канцелариско и архивско работење.*

Исто така во месец декември 2019 година Државниот испитен центар започна постапка за вработување на *3* ***(три) лица*** на позициите

- *Виш соработник за економски и сметководствени работи;*
- *Помлад соработник за компјутерска обработка на податоци и*
- *Самостоен референт за технички работи и магацинско работење.*

Од друга страна пак, во 2019 година се оствари и:

- Престанок на работниот однос поради возраст-***пензиониорање*** на *1* ***(едно) лице*** вработено на позиција *Раководител на Секторот за испити, оценувања и издавачка дејност;*
- Престанок на работниот однос поради губење на работната способност-***пензиониорање*** на *1* ***(едно) лице*** вработено на позиција *Советник за природна група предмети* и
- Престанок на работниот однос заснован на неопределено време врз основа на ***изјава на вработен*** на *1* ***(едно) лице*** вработено на позиција *Соработник за организација и спроведување на испитите.*

Заради сложената природа на работата во Центарот одделни задачи се преклопуваат во повеќе организациони единици (сектори и одделенија), а тоа налага да се практицира тимска работа, односно постојана меѓусебна соработка на вработените.

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2020 ГОДИНА

Државниот испитен центар во 2019 година својата темелна активност ја насочи околу реализација на следните глобални задачи:

- Подготвување и спроведување на државната матура;
- Подготовка и реализација на основна обука и испит за кандидати за директори на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- Организација и спроведување на стручен испит за наставници и стручни соработници;
- Подготовка и спроведување на државно тестирање во основното образование;
- Реализација на меѓународните студии: ПИСА, ТИМСС и ПИРЛС;
- Учество во подготвување на измени и дополнувања на законски и подзаконски акти.

Програмските активности на Центарот како јавна установа ќе се спроведуваат согласно со приоритетните политики на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука.

Државниот испитен центар својата работа ја организира и врши по организациони единици - сектори и одделенија. Во продолжение, подетално ќе бидат прикажани активностите на Центарот за 2019 година.

## 5.1. ДРЖАВНА МАТУРА

Државната матура по дванаесети пат успешно беше реализирана во јунски и августовски испитен рок во 2019 година. Истата се реализира согласно Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование и Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование.

Спроведувањето на државна матура подразбира изготвување испитни материјали за сите екстерни испити во рамките на државната матура за двата испитни рока (јунски и августовски), обуки на наставниците од гимназиско, средно стручно и уметничко образование за користење на испитните програми во наставниот процес, организација и спроведување на оценување и решавање на приговори за тестовите за државната матура што се реализираат екстерно, изготвување прирачен материјал (прирачна литература) за нејзино успешно полагање, како и подготовка на извештаи од спроведувањето на државната матура.

Процесот на изготвување на испитниот материјал е многу сложен и ги опфаќа следниве фази: изработка на испитни задачи, подготовка на тест, техничкото уредување на тестовите, превод на материјалот (на албански јазик и на турски јазик), лектура, процес на независно читање на тестовниот материјал и формирање на конечни тестови. Пота до денот на испитот следува фазата на печатење и пакување на испитниот материјал, безбедно чување и негова дистрибуција на денот на испитот. Сите фази од подготовка на изпитниот материјал се базираат на податоци од ИТ системот за поддршка на државната матура (пријавување на кандидати, верификација на податоците, изготвување на распореди на кандидати, регистриање и распоред на тестатори и набљудувачи, евиденција на испитен материјал, кодирање и сл).

Промената на наставните програми во средните стручни училишта ја наметна потребата од промена, односно ревидирање на постоечката Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование со цел создавање на документ (концепција) кој што ќе ја пропише државната матура во средните стручни училишта. Државниот испитен центар во соработка со Центарот за средно стручно образование и обуки со помош на меѓународен консултант во 2019 година започнаа со подготовките за изработка на концепцијата за државна матура во средните стручни училишта.

**Резултати:**

- подготвени по три испитни комплети за 16 екстерни испити (за јунски испитен рок, августовски испитен рок и резервен тест) на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) или вкупно 93 теста;
- технички уредени по три испитни комплети за 16 екстерни испити (за јунски испитен рок, августовски испитен рок и резервен тест) на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) или вкупно 93 теста;
- преведени по три испитни комплети за 9 предмети на албански и на турски јазик или вкупно 51 тест;
- лекторирани 30 тестови;
- реализирано независно читање на 48 тестови;
- испечатени околу 60.000 тестови на три наставни јазици: македонски, албански и турски јазик, 60.000 листи за одговор од ученик и 60.000 листи за оценувач;
- реализирана обука на новите секретари на училишни матурски комисии (околу 30 лица);
- реализирана обука по електронски пат на тестатори за спроведување на државната матура;

- реализирана 8 регионални обуки за околу 300 наставници за реализирање на испитни програми по предметите: македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, англиски јазик, математика, социологија, хемија, биологија и физика;
- реализирана селекција на наставници за оценување на тестови за 16 екстерни испити во рамките на матура;
- внесени податоци, избрани и распределени 2 500 тестатори и 200 набљудувачи по училишта во јунски и во августовски испитен рок;
- изработени 16 различни шаблони за листи за одговори од ученик и 16 различни шаблони за секој од предметите за оценувач;
- шифрирани и спакувани испитени материјали за околу 4.000 испитни простории за сите денови од спроведувањето на екстерните испити од државната матура;
- спакувани и кодирани околу 1900 кутии со испитен материјал и подготовка на истиот за дистрибуција;
- изготвен план на локации за реализација на екстерни испити од државна матура и План за дистрибуција на испитен материјал за јунски и за августовски испитен рок;
- подготвена апликацијата за државна матура за јуниски испитен рок и апликација за државна матура за августовски испитен рок;
- направена верификација на конечни списоци на пријавени кандидати за јунски и за августовски испитен рок;
- креирани, проверени и испечатени околу 4 000 протоколи и 150 000 бар кодови за јунски и августовски испитен рок;
- подготвен и доставен распоред на кандидати по испитни простории, по предмет и училиште за јунски и за августовски испитен рок;
- извршена дистрибуција и прием на целокупниот испитен материјал да деновите на спроведувањето на испитите;
- извршен прием на испитните материјали по тестирањето, распределени се материјалите за процесот на оценување, приговори и обработка на резултатите;
- евидентирани и дистрибуирани околу 700 кутии со испитен материјал за оценување и прием на истите по процесот на оценување;
- креирани 90 шаблони за реализација на екстерните испити од јунски и од августовски испитен рок од државната матура;
- реализиран процес на оценување на тестовите од екстерните испити од јунски и од августовски испитен рок;
- скенирани околу 60000 листи од ученик и 60000 листи од оценувач и извршена верификација и корекција;
- реализиран процесот за утврдување на праг на положеност и запишување оценки и перцентили;
- евидентирани, процесуирани и разрешени околу 600 приговори од кандидати;
- изготвени извештаи по предмети според направена анализа на резултатите од јунски испитен рок.

## 5.2. ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во Државен испитен центар се организираат и координираат активностите за спроведување на основна обука и испит на кандидати за директори на основни училишта, средни училишта, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење како и организација и реализација на испитот за директори.

Главната цел на обуката за директори во Државниот испитен центар е професионално оспособување на директорите за имплементација на усвоените промени во образованието односно за успешно раководење со ново и современо училиште.

Основната обука за кандидат за директор се спроведува со цел кандидатот да се стекне со потребните професионални компетенции за успешно организирање, раководење на воспитно-образовната работа и администрирање на работата во училиштето.

Во текот на 2019 година беа спроведени 4 обуки на македонски и албански јазик. Секоја обука се состоеше од ислушани 6 модули и за успешно помината обука се смета дека секој кандидат задолжително треба да присуствува на обуките за сите 6 модули и да има успешно одбранета семинарската работа одделно за секој модул. Обуките се спроведуваа во просториите на Државен испитен центар.

Со право на полагање на испит се стекнуваа кандидатите кои успешно ја завршиле основната обука за директор. Во 2019 година беа спроведени 6 испитни сесии во месеците: февруари, март, мај, септември, ноември и декември. Од вкупно 70 кандидати кои се пријавиле за испит, испитот го положиле 61 кандидат и се стекнале со Уверение за положен испит за директор.

За сите кандидати што се стекнале со Уверение за положен испит за директор и за актуелните директори во Државен испитен центар континуирано се водеше Online Базата (Регистар) кој се наоѓа на веб страницата на Државен испитен центар. Во месец ноември се реализираше јавна набавка за софтвер за администрирање со регистар на директори со кој многу ќе се подобри и олесни работењето.

**Резултати:**

- Одржани се вкупно 4 (четири) обуки (3 обуки на македонски јазик и 1 обука на албански јазик) за кандидати за директори на основни и средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење.). Обуките ги реализираа 12 обучувачи (6 на македонски и 6 на албански јазик) кои се избрани на јавен оглас. Секоја обука се состои од шест едукативни модули и нив ги следеа вкупно 54 кандидати распоредени во 4 групи.
- Спроведени се 6 испитни сесии во кои испитот го положиле 61 кандидат и се стекнале со Уверение за положен испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.
- Изготвени се и издадени Уверенија за положен испит за директор на 61 кандидат што успешно ги положиле сите три дела од испитот за директори;
- Изготвувени се и обезбедени соодветни работни материјали за обука, на македонски и албански јазик на 54 кандидати за директори;
- Извршена е ревизија и ажурирање на 30% од задачите (околу 110 задачи) за испитот за директори и темите за завршниот семинарски труд од страна на обучувачите;
- Извршена е верификација на задачите и темите за испит од страна на Испитната комисија;
- Одговарано е на дописи од физички и правни лица во врска со обуката и испит на директори;

- Изготвени се по 6 прирачници за обука на директори за секој модул на албански и македонски јазик;
- Водена е континуирана евиденција и документација за кандидатите кои ја следат обуката и го положиле испитот (во интерна електронска база на податоци и во вид на досиеја во тврда копија);
- Направене е подобрена верзија на софтверско решение за администрирање со регистар за директори со што многу се олеснува работењето и евиденцијата на кандидатите за обука и испит за директори.

## 5.3. СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ И ВОСПИТУВАЧИ

Согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19) и Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19) на Државен испитен центар е доделена надлежност за спроведување на стручен испит за наставници, стручни соработници и воспитувачи.

Целта на стручниот испит е да се провери дали кандидатот во текот на приправничкиот стаж се оспособил за самостојно вршење на воспитно-образовна и стручна работа и дали ги совладал компетенциите кои се потребни за еден наставник/стручен соработник/воспитувач.

Како нова обврска Државниот испитен центар во есенскиот испитен рок во 2019 година за прв пат го спроведе стручниот испит за наставници кои успешно го завршиле приправничкиот стаж во училиште и ги усполнуваат условите за полагање.

Стручниот испит се реализираше од страна на Комисии за спроведување на стручен испит формирани од директорот на Државен испитен центар во состав: наставник од училиште по соодветен предмет, преставник од БРО/ЦСОО и претставник од ДИЦ.

За стручниот испит се пријавиле вкупно 572 кандидати, од кои 518 кандидати што ги иполнуваат условите за полагање беа повикани на испит. Од нив 9 кандидати не се појавиле на испит.

**Резултати:**

- Изготвено е известување (јавен повик) полагање на стручен испит за наставници, стручни соработници и воспитувачи есенска испитна сесија;
- Изготвени се урнеци на записници, извештаи, формулари и други документи кои се потребни за успешна имплементација и реализација на стручниот испит;
- Изготвени се и доставени дописи до околу 430 основни и средни училишта како и до сите општини во државата со кои беа информирани за новата надлежност на Државен испитен центар и за отворената објава за пријавување на стручен испит;
- Направена е и ажурирана електронска база на податоци за сите кандидати што се пријавиле за стручен испит за пролетна и есенска испитна сесија;
- Примени се документи на 572 кандидати за стручен испит и за секој кандидат е направено посебно досие;
- Формирани се 77 комисии за полагање на стручен испит (31 комисија за основно образование и 46 комисии за средно образование);
- Организирани се и спроведени испити за 509 кандидати кои ги исполнувале условите за полагање на испит;
- Изготвени се, архивирани и издадени уверенија за положен стручен испит на 484 кандидати кои успешно го положиле испитот;

- Изготвени се, архивирани и испратени дописи со детални образложенија за 54 кандидати за стручен испит кои не ги исполнуваат условите за полагање;
- Изготвени се 509 записници од Испит за секој кандидат што го полагал испитот и истите се архивирани и внесени во електронската база;
- Изготвени се извештаи од испити по предмети и извештаи за исплата на членовите на комисии;
- Изготвен е квантитативен извештај за стручен испит за есенската испитна сесија;
- Контактирано е преку дописи, по телефон и лично со физички лица и надлежни институции во врска со стручниот испит;
- Започнат е процесот за изготвување на подзаконските акти во врска со спроведување на стручниот испит за наставници, стручни соработници и воспитувачи.

## 5.4. ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Организацијата и спроведувањето на државното тестирање во основното образование е целосно нова надлежност на Државниот испитен центар, уредена со Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19). Според член 133, став 1 од Законот, „Остварувањето на стандардите на постигнувања во текот на основното образование се проверува со државно тестирање кое се спроведува од страна на Државниот испитен центар.". Државниот испитен центар е должен на министерот за образование и наука да му предложи Концепција за државно тестирање во која ќе бидат опфатени периодите, циклусите и областите за државните тестирања, како и репрезентативниот примерок на ученици.

Со измените на Правилникот за внатрешна организација и работа на Државниот испитен центар, во 2019 година формирано е ново Одделение за истражувања, организација и развој во рамките на кое се реализираат главните активности поврзани со државните тестирања (планирање на анализи, компаративни проучувања и истражувања од областа; предлагање модели за унапредување на оценувањата; планирање и координирање на прибирањето, систематизирањето и обработката на податоците; изготвување на извештаи и дисеминација; координација на активностите за организирање и спроведување на национални оценувања и нивна дисеминација; изготвување документација за организација и спроведување на испитите и истражувањата и др.).

Имајќи го предвид временскиот период во кој е донесен Законот за основно образование, како и периодот во кој е формирано Одделението, во 2019 година преземени се неколку почетни активности, но истите се од особено значење за понатамошното квалитетно организирање и спроведување на државното тестирање.

**Резултати:**

- Направени се измени на Правилникот за внатрешна организација и работа на ДИЦ и на Правилникот за систематизација на работните места на ДИЦ со кои се дефинирани работните цели и активностите на Одделението за истражувања, организација и развој, како и работните задачи на лицата вработени во Одделението, со цел квалитетна организација и спроведување на државните тестирања.
- Формирана е Работна група за изготвување на Концепцијата за државното тестирање во која се вклучени членови од различни институции од областа на образованието со цел да се опфатат мислењата и искуствата на сите засегнати страни. Членови на Работната група се

стручни лица од Државниот испитен центар, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и наставници / директори од основни училишта.

- Одржана е конститутивна седница на Работната група, заедно со министерот за образование и наука, д-р Арбер Адеми, на која е дефинирана динамиката на активности на Работната група, временските рокови за изготвување на различни фази на Концепцијата, роковите за консултации со стручната заедница и активности за промоција на Концепцијата за државното тестирање во пошироката јавност.
- Редовна комуникација меѓу членовите на Работната група за размена на ставови, разгледање и компарација на релевантни документи и искуства од областа и распределба на конкретни задачи во врска со изработката на Концепцијата.

## 5.5. МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (ПИСА, ТИМСС, ПИРЛС)

Државниот испитен центар во 2019 година ги реализраше меѓународни студии:
- TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study);
- PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study);
- PISA (Programe for International Studen Assessment).

• ПИСА

PISA (Programe for International Studen Assessment) е најголема светска меѓународна студија во образованието која ги мери способностите и знаењата на учениците на крајот на задолжителното образование, односно се мери подготвеноста на учениците за живот на возраст од 15 год. во три подрачја:
- оспособеност за читање со разбирање – и критички пристап во читањето на пишани материјали;
- математичка писменост – читање, интерпретирање и решавање на даден проблем со организирање и толкување на дадени информации и избирање на метод за решавање;
- писменост во природните науки – препознавање на научни прашања, користење на научни знаења, идентификување на содржината во научните истражувања и поврзување на научните податоци со докази и заклучоци.

Во 2019 година Центарот ќе реализира активности поврзани со ПИСА 2018 и ПИСА 2021.

**Резултати:**
- Прифатени резулататите од главното ПИСА2018 од страна на ОЕЦД и објавување во интернационалниот извештај од ПИСА2018;
- Подготовка на материјал за објавување на резултатите од ПИСА2018 кај нас и јавно објавување на резултатите од ПИСА2018 во нашата држава;
- Десиминација на резултатите од ПИСА2018 на советниците од БРО и инспекторите од ДПИ;
- Преведени прашалници и тестови на македонски јазик за пробно ПИСА2021 тестирање;
- Избрани училишта за пробно ПИСА2021 тестиррање.

• TIMSS 2019

TIMSS (**Trends in International Mathematics and Science Study** е меѓународната студија по математика и природна група предмети, која ги мери знаењата и способностите на учениците по

математика и природната група предмети кај нас во во четврто одделение. Преку прашалниците за ученици, наставници и директори се добиваат резултати за тоа како културната средина, наставната практика, целите на наставните програми и систематското уредување на образованието влијаат врз постигањата на учениците.

Математичките, како и знаењата и способностите по физика, хемија, биологија и географија, се клучни за интелектуалниот растеж на секој поединец, како претпоставка за понатамошно успешно образование и професионален напредок. Затоа и целта на учеството на нашата држава во оваа студија е креаторите на образовнатата политика и истражувачите во полето на образованието да знаат колкаво е нивото на математичката писменост и писменоста по природните науки кај учениците на крајот од четвртото одделение и кои фактори влијаат на тие постигања.

Мерењето на постигањата во оваа студија има две димензии: содржинска и когнитивна.

**Резултати:**

- Преведени и уредени прашалници и тестови главно тестирање, како и завршен процес на нивна верификација;
- Подготвен материјал за обука на наставницте од основните училишта за видовите задачи во ТИМСС;
- Подготовка на план и заедничка координација со БРО на обуките во сите основни училишта опфатени со примерокот
- Прибрани податоци од училиштата за број на ученици во четврто одделение по наставен јазик и паралелка и избрани паралелки во кои се реализираше главното тестирање на околу околу 5000 ученици во 150 основни училишта на македонски и на албански јазик;
- Прибрани и внесени податоци за наставници кои реализираа настава во четврто одделение во училиштата кои се опфатени со примерокот;
- Реализирани 9 регионални обуки на македонски и на албански јазик, со кои беа опфатени околу 250 претставници од сите основните училишта во примерокот за процедурите за реализација на главно тестирање;
- Подготовка на План за реализација на тестирањето и План за дистрибуција на испитните материјали;
- Испечатен, спакуван и дистрибуиран испитниот материјал до 150 основни училишта опфатени со примерокот;
- Успешно реализирано главно тестирање во 150 основни училишта на околу 5000 ученици;
- Преведено упатство за преведување и спроведена дводневна обука на сите оценувачи во ТИМСС со рактични примери на решени и оценети задачи;
- Оценети околу 4500 тестови на македонски и на албански јазик, а околу 1200 од нив и независно од уште еден оценувач;
- Оценети примери на тестови на англиски јазик и успешно завршен процес на релјабилност на оценувањето;
- Внесени во компјутер двојно податоците од 4500 тестови, 4500 прашалници за ученици, 4500 прашалници за родители, 150 прашалници за директори, 450 прашалници за наставници , прочистени податоците и испратени во ИЕА.

• PIRLS 2021

PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study) е меѓународна студија за мерење на постигањата на учениците во читање со разбирање, односно оспособеноста за читање на 9-10 годишна возраст. Оспособеноста за читање со разбирање кај секое дете обезбедува основа за нивно понатамошно учење и развој, како и вклучување во непосредната околина и пошироко во општеството. Целите на учество во оваа студија е да се добијат валидни податоци поврзани со

читањето: процесот на разбирање, целите заради кои учениците читаат и навиките и ставовите за читањето.

**Резултати**

- Преведени прашалници и тестови од англиски на македонски јазик и верификуван превод.

Дополнително со цел да се припремиме за реализација на PIRLS тестирањето како и да видиме какви предзнаења имаа нашите ученици во трето одделение беше реализирана The Literacy and Numeracy Assessment (LaNA). Проценката на читачката и нумеричката писменос има за цел да се поврзе со трендовите на IEA во меѓународната студија за математика и наука (TIMSS) и напредокот во меѓународната студија за писменост за читање (PIRLS). Така, земјите учеснички добиваат меѓународни споредби за нивното нумерирање и писменост со земји од целиот свет. Целната популација беше 1.000 ученици од 3 одделение во подмножество на училиштата веќе беа избрани за ТИМС 2019 . Секој ученик решаваше по два теста и прашалник. Тестирањето се спроведе во два последователни денови (првиот ден се решава тест и прашалник, а вториот ден се решава друг тест под име поврзан тест).

**Резултати:**

- преведени, уредени и завршен процес на верификација на 5 тестови и Прашалник за ученик на македонски и на албански јазик;
- избрани 22 училишта во кои се реализација во сите паралелки од трето одделение на македонски и на албански јазик;
- прибрани податоците за бројот на ученици во секаоја паралелка од трето одделение од училиштата во примерокот;
- Реализирани обуки со претставници од сите училишта во примерокот за спроведување на тестирањето;
- Подготовка на План за реализација на тестирањето и План за дистрибуција на испитните материјали;
- Испечатен, спакуван и дистрибуиран испитниот материјал до 22 основни училишта опфатени со примерокот;
- Успешно реализирано тестирање во 22 основни училишта на примерок околу 1200 ученици;
- Преведено упатство за преведување и спроведена дводневна обука на сите оценувачи во LaNA со практични примери на решени и оценети задачи;
- Оценети околу 1200 тестови на македонски и на албански јазик;
- Внесени во компјутер двојно податоците од 2400 тестови, 1200 прашалници за ученици , прочистени податоците и испратени во ИЕА.

## 5.6. НОРМАТИВНО-ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ

Согласно Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2019 година, Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи работеше на изготвување поединечни и општи нормативно-правни акти (одлуки, решенија и наредби) за: плата, престанок на работен однос, службено отсуство, годишен одмор, платено и неплатено отсуство од работа и државните празници, формирање комисии, работни групи, договори и други документи. Исто така учествуваше во изготвувањето на законски и подзаконски акти, внес на сите неопходни податоци кои се однесуваат на услугите кои ги обезбедува ДИЦ за граѓаните на РСМ во Каталогот на услуги, обуки и оценувања на вработените, а вршеше и административни и општи работи за потребите на Центарот.

**Резултати:**

- Изготвени: измена и дополнување на Законот за Државниот испитен центар, Правилник за систематизација на работните места во Државниот испитен центар, Правилник за внатрешна организација и работа во Државниот испитен центар, Правилник за начинот на вршење видеонадзор во Државниот испитен центар, Правилник за начинот на вршење видеонадзор во просторијата за полагање испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, две измени и дополнувања на Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар;
- Изготвени барања за ангажирање надворешни соработници, спроведени конкурси, донесени одлуки, решенија и договори за истите;
- Изготвени договори за ангажирање лица за вршење повремени работи во ДИЦ;
- Изготвени и доставени Прегледи на извршени службени патувања во странство до Владата на РМ, дописи и одговори на писмена добиени од страна на други институции, како и известувања за кандидатите кои не ги исполнуваат условите за полагање стручен испит за наставници во училиште;
- Изготвени договори кои произлегуваат од јавните набавки;
- Континуирано доставувани барани информации и документација до претставниците на Државниот завод за ревизија по однос на ревизијата која ја вршеа во ДИЦ;
- Координација, поставување и архивирање на материјали во системот Е-Влада;
- Изготвени одлуки кои произлегуваат од работата на Управниот одбор на Државниот испитен центар;
- Изготвени: План на архивски знаци за распоредување на актите за 2020 година, Листа на архивски материјал за 2020 година на Државниот испитен центар, Листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2020 година;
- Спроведено полугодишно интервју за административните службеници, оценување на административните службеници, изготвен и доставен Извештај со ранг листи на годишните оценки на административните службеници;
- Изготвен и доставен Извештај за реализација на генерички обуки на административните службеници за 2019 година;
- Изготвен и доставен План за вработување на административни службеници во Државниот испитен центар, со неколку измени и дополнувања, како и Извештај за реализација на

годишниот План за вработување на административни службеници во Државниот испитен центар;

- Континуирано внесување на измените во податоците за вработените во информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР);
- Спроведена постапка за кадровско доекипирање на ДИЦ и тоа: вработување на 1 (еден) административен службеник, како и унапредување на 4 (четири) административни службеници;
- Спроведени постапки за престанок на работен однос на вкупно 3 (три) лица по основ на возраст (пензиониорање), губење на работната способност и изјава на вработен;
- Започната постапка за кадровско доекипирање со 3 (тројца) административни службеници;
- Континуирано примање и заведување на административни пратки, одлуки, информации, решенија, договори и други акти во деловодникот, како и класирање на поштенски пратки за експедиција.

## 5.7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Во одделението за финансиски прашања задачите што се планирани со Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2019 година се спроведуваа согласно Законот за Државниот испитен центар, Законот за извршување на буџетот, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за јавните набавки, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, како и други подзаконски акти од областа на финансиско-материјално работење.

**Резултати:**

- Спроведени вкупно 20 (двесет) јавни набавки од кои:
  1. 7 (седум) јавни набавки за стоки:
     - ✓ Јавна набавка на гориво за службени возила;
     - ✓ Јавна набавка на канцеларсики материјали;
     - ✓ Јвана набавка на бои и иглици за печатење на тестови;
     - ✓ Јавна набавка на тонери и кетрици;
     - ✓ Јавна набавка на компјутерска опрема и копир;
     - ✓ Јавна набавка на модернизација на софтевер за база (регистер за директори) и
     - ✓ Јавна набавка на канцелариски мебел.
  2. 12 (дванаесет) јавни набавки за услуги:
     - ✓ Јавна набавка на авио билети;
     - ✓ Јавна набавка за печатење на тест-книшки и прашалници за TIMSS 2019;
     - ✓ Јавна набавка на поправка и тековно одржување на машини, фотокопирир и принтери;
     - ✓ Јавна набавка на поправка и тековно одржување на системот за видео надзор и евиденција на работно време, заштита од кражба и дедекција на пожар;
     - ✓ Јавна набавка на услуга за авторска агенција;
     - ✓ Јавна набавка на услуга за дистрибуција на испитен материјал за државна матура и за меѓународно тестирање TIMSS 2019;

- ✓ Јавна набавка на сместување и угостителски услуги за оценувачи на тестовите од државната матура за учебната 2018/19;
- ✓ Јавна набавка на одржување на хигиената во просториите на ДИЦ;
- ✓ Јавна набавка на поправка и тековно одржување на службените возила;
- ✓ Јавна набавка на сим картички за службени мобилни телефони (услуги од мобилната телефонија) за период од две години;
- ✓ Јавна набавка на на услуга - безбедност и здравје при работа;
- ✓ Јавна набавка на услуги за модернизација на апликативно софтверско решение за државна матура.

3. 1 (една) јавна набавка за работи:
   - ✓ Јавна набавка на геадежно занаетчики работи за приспособување и одржување на просториите на ДИЦ.

- Изготвени измени и дополнувања на планот за јавни набавки за 2019 година;
- Исплатени фактури за комунални услуги;
- Исплатени фактури по основ на јавни набавки;
- Исплатени фактури за надоместок на претседателот и членовите на Управен одбор;
- Исплатени надоместоци за членовите на Државен матурски одбор;
- Исплатени хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на државната матура и меѓународното тестирање ПИСА 2019;
- Исплатени членовите на Комисијата за полагање на испит за директор;
- Исплатени хонорари за лицата ангажирани како обучувачи;
- Направено е контирање и книжење на целокупната финансиска документација;
- Континуирано водена синтетичка и аналитичка евиденција;
- Подигната готовина и извршена е исплата на готовина;
- Изработени касови извештаи;
- Реализиран поврат на средства по основ на уплатени средства за поднесени приговори;
- Направени пресметки на плата и изготвување на потврди за висината на личниот доход на вработените;
- Подготвена пресметка и документација за боледување;
- Изготвени статистички извештаи за вработени и плати (Образец Труд - 1);
- Направено книговодствено усогласување на извршените пописи;
- Направена пресметка на амортизација и ревалоризација;
- Континуирано доставувани барани информации и документација до претставниците на Државниот завод за ревизија по однос на ревизијата која ја вршеа во ДИЦ
- Изготвен годишен извештај за бруто остварени приходи, платен данок и придонеси и вкупна нето плата и
- Изготвени финансиски извештаи и бруто биланс за изготвување на годишна завршна сметка.

## 5.8. ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ

За реализација на активностите предвидени во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2019 година, сите организациони единици учествуваа во обезбедување поддршка за остварување на истите, преку објавување на информации на веб-локацијата, управување со библиотечниот фонд, обезбедување на техничка опрема и софтеврски решенија, уредување и печатење документи, обезбедување на просториите и опремата на Центарот и слично.

**Резултати:**

- Континуирано се објавија информации и документи на веб-локацијата на Центарот согласно потребите на Центарот;
- Континуирано се објавија информации и документи веб-локацијата за државната матура за учебната 2018/2019 година;
- Извршено управување со библиотечниот фонд на Центарот;
- Набавена и инсталирана соодветна техничка опрема и соодветни софтверски решенија со цел подобрување на техничките капацитети на Центарот;
- Извршено одржување на компјутерската и мрежната инфраструктура;
- Технички уредени, и испечатени сите тековни службени документи на Центарот;
- Континуирано обезбедени просториите и опремата на Центарот.

## 6. УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ, КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ И ДРУГИ НАСТАНИ

Во текот на 2019 година Државниот испитен центар бележи и активности во врска со учество на конференции, семинари и други настани и тоа:

- учество во работна група за Закон за основно образование и Закон за наставници и стручни соработници во основното и средното образование;
- учество во работна група за имплементација на активностите од ИПА;
- учество на состанокоци на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика;
- учество на состаноци за Програмата Училиште на 21 век, организирани од страна на Британски совет;
- учество на состаноци за подготовка на нов проект од страна на Светска банка и МОН;
- учество на обука за внес и обработна по податоци од меѓународната студија ПИРЛС 2021, во Хамбург, Германија во организација на IEA;
- учество на семинар за имплементација на меѓународната студија PISA 2021, во Банког, Тајланд, во организација на ОЕЦД;
- учество на работен состанок за земјите од Западен Балкан за имплементација на меѓународната студија ТИМСС2019 во Амстердам Холандија, во организација на IEA;
- учество на семинар за националните координатори на меѓународната студија TIMSS2019, во Агадир, Мароко, во организација на IEA;
- учество на обука за компјутерски внес, прочистување на податоци и избор на примерок на ученици од меѓународната студија TIMSS 2019, во Хамбург, Германија во организација на IEA;
- учество на работен состанок за земјите од Западен Балкан за имплементација на меѓународната студија ТИМСС2019 на Брач, Хрватска, во организација на IEA;
- учество на обука на теми во врска со јавните набавки-Република Грција-Атина;
- учество на обука на тема „Договори за ангажирање лица";
- учество на работилница на тема „ Иновативен пристап при креирање на политики";
- учество на јавна дебата посветена на предизвиците и проблемите при испораката на јавните услуги, како и за можните решенија за нивно подобрување во рамки на проектот „Граѓански ориентиран пристап при испорака на јавни услуги";
- учество на обука на тема „Заштита при работа ";
- учество на обука за мобинг.

## 7. АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ

Управниот одбор работеше континуирано во рамките на своите законски надлежности и согласно потребите на институцијата. Во овој период беа одржани вкупно 15 седници, а притоа беа донесени одлуки, чие значење е суштествено за нормално функционирање на Центарот.

## 8. СОРАБОТКА

Државниот испитен центар континуирано ќе соработува со бројни меѓународни и домашни институции:

- Соработка со ИЕА (International Association for the Evaluation of Educational Achievement), ОЕЦД (Organisation for Economic Co-operation and Development), Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, УСАИД, МЦГО, Фондацијата Чекор по чекор, Светска банка и центрите во државите во регионот кои се занимаваат со дејности сродни со дејностите на ДИЦ.
- Соработка со Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Бирото за развој на образование, Државниот просветен инспекторат, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни, сите средни и основни училишта, како и високо-образовни и сродни установи и институции во и надвор од државата и др.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
ДИРЕКТОР

*д-р Лидија Ѓошевска*

## ПРИЛОГ:ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2019 ГОДИНА